Република Македонија
**Министерство за економија - Биро за метрологија**

Бр. 0302-2091/1
Скопје 25.05.2011

**До**
**Увозници на стаклени шишиња**

Влада на Република Македонија
Министерство за економија
Биро за метрологија
Бул.„Јане Сандански" 109а
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 2403676
Фаакс: (02) 2444677
bom@bom.gov.mk
www.bom.gov.mk

**Предмет:** Информација за укинување на дозвола за увоз на шишиња и упатство за пуштање во промет на мерните садови-шишиња

Почитувани,

Бирото за метрологија од 07.04.2011 г. ја укина дозволата за увоз на мерни шишиња и за истите имате можност за слободен увоз. При подигањето на шишињата од Царина немате никакви ограничувања и барања за дополнителни документи. Контролата на стаклените шишиња нема да се врши при увоз на истите, туку при пуштање во промет или во просториите на овластениот застапник. Доколку увезените шишиња ги користите за извоз на вино и нема да бидат пласирани на нашиот пазар немате обврска да подготвувате документација

Бирото за метрологија на ден 11.11.2010 г. ја транспонираше европската директива 75/107/ЕЕС во националната регулатива односно Правилник за суштествени барања за шишиња кои се користат како мерни садови (сл.весник на РМ, бр.147 од 11.11.2010 година) и согласно истиот во Р.Македонија можат да се користат/пуштаат во промет шишиња кои ги исполнуваат барањата од Правилникот.

**Условите кои треба да се исполнат за пуштање во промет на мерните садови – шишиња се :**

- Сертификат за мерните садови - шишиња кој треба да содржи потврда дека шишињата ги исполнуваат барањата на Европската директива 75/107/ЕЕС
- Техничка документација за шишињата (вклучително и технички цртежи).

Доколку се исполнети барањата од Прилог 1 и Прилог 2 од Правилникот, се издава Решение за упис во регистерот на Бирото за метрологија.

Доколку шишињата не ги исполнуваат барањата од Прилог 1 од Правилникот односно на шишињата не се втиснати следниве ознаки:

1) номинална зафатнина на мерниот сад,
2) ознака за мерен сад ϶,
3) растојанието од врвот до нивото на течност изразено во mm,
4) знак за производител,

тогаш **условите кои е потребно да бидат исполнети за пуштање во промет на шишиња се следниве:**

1. **Поднесувате барање за ознака на мерен сад**
   - Доставувате до Бирото за метрологија 35 шишиња избрани со случаен избор од типот на шишето кое сакате да го користите/пуштите во промет заради нивно испитување

Доколку со испитување на шишињата се потврди дека шишињата ги исполнуваат барањата од Прилог 2 од Правилникот односно критериумите од точка 3.1.3 од Прилог 2 од Правилникот, Бирото за метрологија ќе Ви издаде Одобрение за користење на ознака за мерен сад.

2. **Поднесувате барање за знак на производител (доколку се однесува на истиот тип на шише).**
   - Доставувате предлог за знак на производител во договор со производителот (цртеж)

По добивање на Решението за знак на производител од Бирото за метрологија, Ваша обврска е да го информирате, производителот на шишињата, да ги втисне задолжителните ознаки од Прилог 1 од Правилникот односно

1) номинална зафатнина на мерниот сад,
2) ознака за мерен сад ϶,
3) растојанието од врвот до нивото на течност изразено во mm,
4) знак за производител

3. **Барање за упис на сертификатот во Регистарот на Бирото за метрологија**
   - Техничка документација за шишињата (вклучително и технички цртежи)
   - 35 шишиња за испитување од посакуваниот тип на шише.

По доставување на целокупната (техничка) документација наведена погоре, се издава Решение за упис на сертификатите во Регистерот на мерила на Бирото за метрологија.

За било какви консултации Ви стоиме на располагање.

**ДИРЕКТОР,**
**Димитар Парнарџиев**
Д. Парнарџиев

Изработил: Анастазија Шаревска
Контролирал: Ванчо Кацарски